**20211001551**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 28 став (8) и член 58 став (1) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 257/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 мај 2021 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕВЕНТИВНИ ПРЕПОРАКИ, ВРЕМЕНИ МЕРКИ, НАРЕДЕНИ МЕРКИ, НАМЕНСКИ ПРОТОКОЛИ, ПЛАНОВИ И АЛГОРИТМИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНАТА БОЛЕСТ COVID-19 ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ SARS-CoV-2, СЛУЧАИТЕ И ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД НА НИВНА ПРИМЕНА

Член 1

Во Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/20, 269/20, 275/20, 287/20, 292/20, 298/20, 304/20, 306/20, 317/20, 13/21, 45/21, 53/21, 55/21, 58/21, 64/21, 65/21, 75/21, 87/21 и 94/21), во член 13 точка 11. во ставот 1 зборовите „по 20:30 часот" се заменуваат со зборовите „по 22:30 часот", а зборовите „почнувајќи од 28 април 2021 година (среда)" се заменуваат со зборовите „почнувајќи од 5 мај 2021 година (среда)".

Во точка 12. ставот 1 се менува и гласи:

„12. Се забранува движење на населението и на возила од јавен превоз на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 23:00 часот до 5:00 часот наредниот ден, почнувајќи од 5 мај 2021 година (среда) до 15 мај 2021 година (сабота), освен од 12 мај 2021 година (среда) до 13 мај 2021 година (четврток).".

Во точка 13. во ставот 1 по зборот „континент" се става запирка и се додаваат зборовите „Република Индија и Федеративна Република Бразил".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 40-678/11
4 мај 2021 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Artan Grubi,** с.р.